Бр./Nr 12-1906/1
05-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-2574/1 од 26.09.2025 година, оформен по доставена пријава против -------, директор на Државниот студентски дом „-------" ------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елеменнти за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2574/1 од 26.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, по електронска пошта, на ден 26.09.2025 година, е поднесена пријава против --------, директор на Државниот студентски дом „-------" ------- и оформен е предмет број 12-2574/1 од 26.09.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат за сомнежи за користење на службено возило за лични и приватни потреби од страна на --------, директор на Државниот студентски дом „---------" -------.

Во пријавата се посочени и конкретни случаи на користење на возила за приватни цели, неповрзани со извршување на работни задачи, надвор од работното време: користење на службено возило за одење до и враќање од работа, носење до и враќање од работа на неговата сопруга, како и користење на возилото при патување на летен одмор во странство.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Државениот студенски дом „-------" --------.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени по барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Државниот студенски дом „------" ------ има донесено интерен акт - Правилник број -----/7 од 25.11.2021 година, во кој се уредува начинот на користењето на службените возила, врз чија основа се издаваат задолжувања за користење службени возила и месечни патни налози.
Согласно овој Правилник, во член 1 се пропишува начинот на користење, управување, одржување и сервисирање на службените возила кои ги користи Домот, нивната евиденција, следење на техничката исправност, како и правата и обврските на корисниците, овластените и одговорните лица и друго.
Во член 2 став 2 е регулирано дека службеното возило не смее да се користи за одење до и враќање од работа или за други приватни потреби.
Во член 3 е регулирано дека корисници на службено возило во смисла на овој Правилник се раководното лице на Домот и вработените во Домот кои користат службени возила за службени потреби, врз основа на патен налог за патнички автомобил. Уредено е дека службено возило од вработен во Домот се користи по претходно одобрување од директорот на домот или лице овластено од управниот одбор на домот.
Додека во член 4 е регулирано дека за службено возило кое се користи во подрачјето на седиштето на Домот, корисникот треба да има месечен патен налог. Службено возило за службен пат се користи ако корисникот има одобрен патен налог за службеното патување.

Државниот студенски дом „------" ------, во периодот 2019 и 2020 година немало на располагање ниту едно службено возило во употреба.

Во прилог исто така се доставени и патните налози за бараниот период, од чиј увид се констатира дека за сите патувања има патни налози приложена со Покана од настанот за чија цел е користено возилото, како и поединечни одлуки од Управниот одбор на Домот во случај кога директорот го користел возилото за службено патување во странство.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука, од причина што Државниот студентски дом „-------“ ------ има донесено интерен акт за начинот на користењето на службените возила и врз чија основа постои уредна документација за службените патувања, додека за наводите дека директорот вршел злоупотреба на средства со тоа што користел возило за носење до и враќање од работа на неговата сопруга, како и користење на возилото при патување на летен одмор во странство, кон пријавата не се приложени соодветни докази, поради што ДКСК не е во можност да ја констатира наведената состојба.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата